# МЕСЕЧНИК

## за криминалот од омраза

**ОКТОМВРИ 2020**

Кривичните дела мотивирани од нетолеранција, односно предрасуди кон одредена група во општеството се опишуваат како криминал од омраза. За постоењето на овој вид криминал треба да се исполнети два услови: делото мора да е предвидено во кривичното право и сторувањето мора да е мотивирано од некоја предрасуда. Мисијата на ОБСЕ во Скопје го поддржува Хелсиншкиот комитет за човекови права при регистрацијата и мапирањето на делата од омраза. Овој месечник обезбедува приказ на сите регистрирани инциденти во текот на последниот месец.

## ИНЦИДЕНТИ

**Предизвикани од омраза овој месец: 10**

### ВИД НА ИНЦИДЕНТ

- 0 оштетување на имот
- 0 уништување на симболи
- 2 телесна повреда
- 0 разбојништво
- 0 Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем
- 6 насилство
- 2 сериозна закана
- 0 загрозување на сигурноста
- 0 предизвикување на омраза, раздор или нетрпеливост

## РЕАКЦИИ

**Реакции овој месец: 3**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА - ОСУДА

- 0 од функционер
- 0 религиски водач
- 3 граѓанско здружение
- 0 протест
- 0 отстранување последица
- 0 друго

### ВО ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА

**6 : 4**

верификувани : неверификувани

### КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖРТВАТА:

| етничка припадност | верска припадност | род | сексуална ориентација | друго |
|---|---|---|---|---|
| 60.0% | 0.0% | 10.0% | 10.0% | 20.0% |

**Вкупен број на инциденти во 2020 година: 89**

| ЈАН | ФЕВ | МАР | АПР | МАЈ | ЈУН | ЈУЛ | АВГ | СЕП | ОКТ | НОЕ | ДЕК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 10 | 7 | 10 | 8 | 10 | 10 | 11 | 5 | 10 | - | - |




### ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР

| | |
|---|---|
| откриени сторители | 4 |
| кривични пријави | 3 |
| прекршочни пријави | 1 |
| тековни судења | 1 |

### ИНЦИДЕНТИ СПОРЕД ЛОКАЦИЈАТА

- Скопје - **4**
- Битола - **2**
- Куманово - **2**
- Тетово - **1**
- Делчево - **1**




### Издвоен инцидент

**Закана по животот на геј маж заради неговата сексуална определба**

Откако на Фејсбук примил сериозни закани по неговиот живот поради тоа што е припадник на ЛГБТИ заедницата и затоа што во коментари ги бранел правата и слободите на припадниците на оваа заедница, на 30 октомври, лицето Д.П. се обрати до Хелсиншкиот комитет за човекови права со барање за бесплатна правна помош. Од содржината на заканите кои ги добил, се согледува дека заканувачот во минатото, не само вербално, туку и физички напаѓал и малтретирал членови на маргинализирани заедници. Тимот на Хелсиншкиот комитет, заедно со жртвата, достави кривична пријава во Полициската станица „Центар" - ПС „Беко" врз основа на член 144 од Кривичнот Законик за кривичното дело „Загрозување на сигурноста", со посебен акцент на ставот 2 како квалификуван облик на ова дело сторено од омраза. Наместо обезбедените докази да бидат сами по себе основ полициските службеници да постапат по кривичната пријава (на начин што ќе контактираат надлежен обвинител и инспектор од компјутерски криминал), присутните полициски службеници зедоа улога на обвинител, толкувајќи го законот на своја рака, тврдејќи дека пријавата треба да се заведе како обична поплака, а жртвата натаму со приватна тужба да бара судска заштита. Ваквиот волунтаризам на полициските службеници не е новост. Напротив, при пријавувување на низа кривични дела од омраза, однесувањето на полициските службеници е истоветно, дрско и непрофесионално. Сепак, со тоа што жртвата беше упорна и беше придружувана од правен советник, се издејствува кривичното дело да се гони по службена должност.


Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.



OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
OSCE Mission to Skopje

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА

zlostorstvaodomraza.mk
helkom@mhc.org.mk
++389 (0)2 3119 073